## ОБУКА ЗА ПРЕВЕНЦИЈА НА ХИВ И УПОТРЕБА НА ДРОГИ ПОМЕЃУ ГРАЃАНИТЕ ОД ПОГРАНИЧНИТЕ ОБЛАСТИ -АПРИЛ 2015ТА ГОДИНА

Двајца претставници, д-р Мелек Осман, доктор по медицина и Бајруш Исламовски, виш социјален работник, од Одделението за социјална медицина во Центарот за јавно здравје-Скопје беа вклучени во дводневна ***Обука за превенција на ХИВ и употреба на дроги помеѓу граѓаните од пограничните области*** одржана на 16и 17 Април 2015 година во Скопје, во организација на Здружението ХОПС-Опција за здрав живот, финансирана од Европска Унија преку Инструментот за предпристапна помош (ИПА).

Центарот за јавно здравје-Скопје беше вклучен во оваа обука како јавна институција која е засегната со оваа акција. Покрај центрите за јавно здравје во оваа акција се вклучени и локалната самоуправа на Р.Македонија (Куманово, Тетово, Гостивар и Скопје), Р.Косово (Приштина, Призрен, Качаник, Гнилане), граѓанските организации кои работат со лица под најголем ризик, центрите за социјална работа, соодветните факултети, клиники и затворите.
Обуката ја имаше следнава агенда:
**1 ден,** претставување на основните поими за ХИВ, превенција на ХИВ кај лица под најголем ризик (мажи кои имаат секс со мажи, затвореници, сексуални работници/чки, корисници на дрога).
**2ден,** превенција на ХИВ помеѓу маргинализирани заедници, третман на ХИВ, институционални и вонинституционални маханизми за превенција на ХИВ во Р.Македонија.

Обуката е организирана со цел:

- ☐ **Да се подигне свеста за превенција** на ХИВ и употреба на дроги кај заедниците под ризик во целните општини преку медиумска кампања, јавни дебати, зимски и летни школи за ХИВ и превенција од дроги;
- ☐ **Да се промовира партнерство** помеѓу јавниот и граѓанскиот сектор со цел да се воспостават одржливи механизми за превенција на ХИВ преку обука на персоналот од болниците, центрите за јавно здравје, полициските станици, центрите за социјална работа и здруженијата на граѓани;
- ☐ **Да се промовира прекугранична соработка** помеѓу локалните институции и организации од пограничниот регион преку изработка на веб-платформа, координација и прекугранични средби.